# LEARN-IP – Обука за права на интелектуална сопственост и географска ознака во областа на културното наследство и културниот туризам



# Како да ги користите и да имате придобивки од правата на интелектуална сопственост во културното наследство и културниот туризам во Северна Македонија

## - Краток водич за управувањето со културното наследство и чинителите во културниот туризам -


Автори: Светлана Бошкоска, Лазар Неданоски, Димитар Смилјановски, (МРФП)

Соработници: Томас Бирвенич (Tergau & Walkenhorst Patentanwälte)



Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

Кофинансирано од Програмата Еразмус+ на Европската Унија. Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината која ги одразува само гледиштата на авторите и Комисијата не може да биде одговорна за употребата на информациите содржани во неа. Број на проектот: 2018-1-DE02-KA202-005232.


www.learn-ip.eu

**Известување за авторски права:**

**Attribution-NonCommercial-ShareAlike 4.0 International (CC BY-NC-SA 4.0)**

Меѓународна лиценца:
Creative Commons Attribution-NonCommercial-ShareAlike 4.0 International

Слободно можете да:

- Споделувате — копирате и да го редистрибуирате материјалот преку кој било медиум или формат.
- Адаптирате — спојувате, трансформирате и да го надоградувате материјалот под следните услови:
- Наведете го изворот — мора да ги наведете соодветните користени извори на фотографии, да обезбедите линк до лиценцата и да наведете дали се направени промени. Може да го сторите тоа на кој било разумен начин, но не на начин што сугерира дека давателот на лиценцата ве поддржува вас или вашата употреба
- Некомерцијално — не смеете да го користите материјалот за комерцијални цели.
- Споделување под еднакви услови — доколку го спојувате, трансформирате или надоградувате материјалот, мора да ги дистрибуирате вашите прилози согласно истата лиценца како и во оригиналот.

# Содржина


Вовед 4

Релевантно законодавство за правата на интелектуална сопственост во Северна Македонија 5

Каде да добиете поддршка во Северна Македонија? 7

Останати информации специфични за земјата 9

Што ако добиете тужба или закана за тужба за злоупотреба на правата? 10

Што ако Вие или Вашата институција сакате да ги заштитите правата од трети страни? 11

За LEARN-IP 12

За авторите на оваа публикација 15

# Вовед

Со проектот LEARN-IP беше направен обид за прв пат, во 5 европски земји, да се подготви комплицираниот сет на правила за правата на интелектуална сопственост (ПИС) за секторите културно наследство и културен туризам, на таков начин за релевантните чинители да имаат полесен пристап до нив. Овој амбициозен проект беше спроведуван преку програма за онлајн обука која е достапна бесплатно за сите заинтересирани страни: https://moodle.learn-ip.eu.

Програмата за онлајн обука беше развиена за да го поддржи управувањето со културното наследство и чинителите во културниот туризам преку ефективна употреба на дигиталните технологии за проверка на усогласеноста со прописите на правата на интелектуална сопственост. Програмата за обука ја подига свеста за многуте регулативи за ПИС и нивната релевантност за производи и услуги. Програмата функционира како онлајн „водена тура“ низ ПИС регулативите и укажува што може да направите за правно да ги заштитите Вашата сопственост, експертиза и знаење. Преку неа се обезбедува транспарентност во полето кое за многу претставници на културното наследство и културниот туризам сè уште е ничија земја. Обуката, исто така, покажува кога се препорачува стручна помош.

Ве молиме имајте предвид дека правата на сопственост варираат географски. Интелектуалната сопственост што е заштитена со закон во една земја, може да не биде заштитена со закон во друга земја. Покрај тоа, може да варира и пристапот од земја до земја.

Во оваа брошура, тимот на LEARN-IP од Република Северна Македонија, обезбедува информации специфични за земјата, кои се посветени на локалните корисници со цел да се стекнат со знаење за локалниот екосистем во врска со правата на интелектуална сопственост, како и во врска со културното наследство и културниот туризам. Брошурата го одразува статусот на почетокот на 2023 година и има за цел да Ви обезбеди основни информации. Во никој случај не може да ги опфати сите случаи кои влегуваат во игра и се поврзани со Вашиот индивидуален случај, но ова резиме е првенствено наменето за ја надополни LEAN-IP обуката, која Ви се препорачува за понатамошно тематско продлабочување.

Ве молиме сериозно да го сфатите прашањето за правата за интелектуална сопственост! Заштитата на правата на сопственост нуди огромни можности за Вас и Вашата институција, но и за останатите кои сакаат и се способни да ги остварат своите права. Ова може да доведе до конфликти во одделни случаи, кои ова резиме има за цел да ги избегне.

Проектен тим „Learn-IP” – Македонска развојна фондација за претпријатија

# Релевантно законодавство за правата на интелектуална сопственост во Северна Македонија

Според Законот за индустриска сопственост на Република Северна Македонија, права на индустриска сопственост се:

- Патент,
- Индустриски дизајн,
- Трговска марка, и
- Ознака на потеклото на производот и географска ознака.

Најзначајниот облик на творештво во областа на индустриската сопственост е патентираниот пронајдок. Индустрискиот дизајн и трговската марка се значајни во прометот на стоки и услуги.

Националната правна рамка ја сочинуваат:

- **Законот за индустриска сопственост** со кој се обезбедува заштита на патенти, индустриски дизајн, трговски марки, географски ознаки и ознаки за потекло. Законот детално ја уредува постапката за обезбедување заштита пред надлежниот орган (Државниот завод за индустриска сопственост) и постапката во случај на повреда на правата.
  - Измени и дополнувања (Сл. весник бр. 31/2020): http://www.ippo.gov.mk/mk/LegislativaView.aspx?lang=MK&id=4358&cat=NAT
  - Измени и дополнувања (Сл. весник бр. 83/2018): http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/articles/%D0%B1%D1%80.%2083%20%D0%BE%D0%B4%2008.05.2018/%D0%B1%D1%80.%2083%20%D0%BE%D0%B4%2008.05.2018.pdf
  - Измени и дополнувања (Сл. весник бр. 53/2016): http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/articles/%D0%B1%D1%80.%2053%20%D0%BE%D0%B4%2021.03.2016/%D0%B1%D1%80.%2053%20%D0%BE%D0%B4%2021.03.2016.pdf
  - Измени и дополнувања (Сл. весник бр. 152/2015): http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/articles/%D0%B1%D1%80.%20152%20%D0%BE%D0%B4%2003.09.2015/%D0%B1%D1%80.%20152%20%D0%BE%D0%B4%2003.09.2015.pdf
  - Измени и дополнувања (Сл. весник бр. 41/2014): http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/articles/%D0%B1%D1%80.%2041%20%D0%BE%D0%B4%2027.02.2014/%D0%B1%D1%80.%2041%20%D0%BE%D0%B4%2027.02.2014.pdf
  - Измени и дополнувања (Сл. весник бр. 12/2014): http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/articles/%D0%B1%D1%80.%2012%20%D0%BE%D0%B4%2022.01.2014/%D0%B1%D1%80.%2012%20%D0%BE%D0%B4%2022.01.2014.pdf
  - Измени и дополнувања (Сл. весник бр. 24/2011): http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/articles/%D0%B1%D1%80.%2024%20%D0%BE%D0%B4%2025.02.2011/%D0%B1%D1%80.%2024%20%D0%BE%D0%B4%2025.02.2011.pdf
  - Закон за индустриска сопственост (Сл. весник бр. 21/2009): http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/articles/ZakonzaInS/ZakonzaInS.pdf.

- **Законот за авторски и сродни права** со кој се обезбедува заштита на оригинални авторски дела во областите на литературата, науката и уметноста, како на пример книги, написи, прирачници, брошури, предавања, компјутерски програми, музички композиции, драмски и кореографски дела, фотографии, аудиовизуелни и кинематографски дела, слики, цртежи, скулптури, архитектонски, картографски и топографски дела, дизајн, бази на податоци итн. Авторското и сродните права се стекнуваат со самото создавање на авторското дело и не подлежат на посебна формална постапка за заштита, но законот го уредува управувањето со правата и постапката што може да се преземе во случај на нивна повреда пред надлежните органи. https://kultura.gov.mk/wp-content/uploads/2019/02/Precisten-tekst-APSP-27_16.doc

- **Закон за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост:** http://www.ippo.gov.mk/mk/LegislativaView.aspx?lang=MK&id=157&cat=NAT

- **Закон за заштита на топографијата на интегралните кола:** http://www.ippo.gov.mk/mk/LegislativaView.aspx?lang=MK&id=150&cat=NAT

- **Закон за административни такси:** http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/articles/ZakonzaAdminTaksi/ZakonzaAdminTaksi.pdf

- **Правилник за индустриски дизајн:** http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/articles/PravilnikZaIndDizajn/PravilnikZaIndDizajn.pdf

- **Правилник за ознака на потекло на производот и географска ознака:** http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/articles/PravilnikZaOznakaNaPotekloNaProizvodotIGO/PravilnikZaOznakaNaPotekloNaProizvodotIGO.pdf

- **Правилник за патент:** http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/articles/PravilnikZaPatent/PravilnikZaPatent.pdf

- **Правилник за трговска марка:** http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/articles/PravilnikZaTrgMarka/PravilnikZaTrgMarka.pdf

- **Правилник за формата и содржината на пријавата за регистрација на топографијата на интегрални кола:** http://www.ippo.gov.mk/mk/LegislativaView.aspx?lang=MK&id=158&cat=NAT

- **Правилник за стручниот испит за застапници за индустриска сопственост и за регистарот на застапници:** http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/articles/PravilnikzaStrucenIspitzaZastapnici/PravilnikzaStrucenIspitzaZastapnici.pdf

На веб-страницата на **Министерството за култура на Република Северна Македонија** https://kultura.gov.mk/zakoni/ се достапни законите кои се поврзани со културното наследство и културниот туризам:

- Закон за култура: https://kultura.gov.mk/wp-content/uploads/2019/02/Zakon-za-kulturata_neoficijalen-precisten-tekst_11_18.doc
- Закон за издавачка дејност: https://kultura.gov.mk/wp-content/uploads/2019/02/%D0%9A%D0%9E%D0%BD%D1%81%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD-Zakon-za-izdavackata-dejnost-152_15.doc

- Закон за меморијалните споменици и спомен обележја: https://kultura.gov.mk/wp-content/uploads/2019/02/konsolidiran-tekst-memorijalni-spomenici.doc
- Закон за поддршка на уметниците: http://kultura.gov.mk/wp-content/uploads/2020/12/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D1%84%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B4%D1%80%D1%88%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D1%83%D0%BC%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8-%D0%9C%D0%9A-1.pdf.

## Каде да добиете поддршка во Северна Македонија?

**Државниот завод за индустриска сопственост на Република Северна Македонија (ДЗИС)** е одговорна институција во Република Северна Македонија која нуди информации за патенти, трговски марки и индустриски дизајн; за тоа како да ја заштитите Вашата идеја, а не знаете како; да проверите дали некој пред Вас ја заштитил Вашата иновативна идеја која е вредна цело богатство; како и совети за аплицирање за патент, трговски марки или индустриски дизајн; вклучително и помош и поддршка при пополнување на пријавата за патент, трговски марки и индустриски дизајн.

На веб-страницата на ДЗИС http://www.ippo.gov.mk/MK/Uslugi.aspx, во делот на услуги, објавена е **национална база на податоци** чие пребарување е отворено и бесплатно за сите. Оваа услуга дава пристап до податоци од јавен карактер за патенти, трговски марки и индустриски дизајн, знаци за права на индустриска сопственост во Република Северна Македонија.

Пребарувањето на националната база е едноставно, односно со посета на веб-страницата на погоре наведениот линк, преку кликање на базата на податоци за која Ви се потребни информации. Во полињата треба да ги ставите зборовите како параметри за пребарувањето и да кликнете на копчето *Search*. Во листата на резултати кликнете на копчето *View* за детален преглед на предметот. Директни линкови:

- **База за патенти:** http://www.ippo.gov.mk/Search/FederatedPatentRegister.aspx
- **База за трговски марки:** http://www.ippo.gov.mk/Search/TrademarkSearch.aspx
- **База за индустриски дизајн:** http://www.ippo.gov.mk/Search/IndustrialDesignSearch.aspx.

На веб-страницата на ДЗИС, покрај националната база на податоци, активни се и меѓународни бази на податоци:

- Espacent: https://worldwide.espacenet.com/?locale=en_EP и
- Romarin: https://www.wipo.int/romarin.

На веб-страницата на ДЗИС http://www.ippo.gov.mk/MK/Obrasci.aspx достапни се потребните **обрасци (формулари) за барања**, вклучително и упатство за нивно пополнување. Обрасците се категоризирани по: патенти, трговски марки, индустриски дизајн, географски назив и застапници.

**Постапката за признавање** на правата од индустриска сопственост започнува со поднесување пријава. За секој пронајдок, нова форма на тело, слика или цртеж, односно знак, се поднесува посебна пријава, за што на подносителот на пријавата ДЗИС му издава потврда. Пријавата на патент не може дополнително да биде изменета, односно кога се работи за пријава за нова форма на тело, слика или цртеж, односно знак, не може пријавата суштествено да се измени или дополни. Од денот на приемот на уредна пријава, подносителот на пријавата има право на првенство спрема секое друго лице кое за истиот пронајдок, нова форма на тело, слика или цртеж, односно знак, подоцна ќе поднесе пријава. Лицето кое на официјално призната изложба или саем од меѓународен карактер во земјава или во некоја земја членка на Меѓународната унија за заштита на индустриската сопственост, изложи некој пронајдок, нова форма на тело, слика, или цртеж, или употреби определен знак за обележување на стоки или услуги, може во рок од три месеци од денот на затварањето на изложбата (саемот) со пријава да побара право на првенство од првиот ден на излагањето, односно од денот на употребата. Кон пријавата се приложува и потврда од надлежен орган дека станува збор за официјално признаена изложба (саем). Пријавата мора да содржи податоци за подносителот на пријавата и за правото за кое се бара заштита. По поднесување на пријавата, ДЗИС врши претходно испитување на пријавата и формално испитување на пријавата.

**Остварување на заштита на правата од индустриска сопственост.** Творците имаат морални и материјални права. Правата се стекнуваат со денот на упис во регистарот, а важат од денот на поднесување на пријавата. Повреда на правата настанува со: неовластено користење, неовластено располагање и имитирање. Тужба може да поднесе подносител на пријава, носител на право, овластен корисник на ознаката и стекнувач на исклучива лиценца. Рокот за поднесување на тужба е субјективен: 3 години од сознанието за повреда и сторител, и објективен: 5 години од упис во регистар (за жиг). Постапката е итна. Одговорноста е по општи правила за надомест на штета. Постои можност да бара: забрана за вршење на дејствие на повредата и објавување на пресудата во средствата за јавно информирање.

# Останати информации специфични за земјата

Во Република Северна Македонија, освен надлежните институции, функционираат и следните ентитети со кои можете да стапите во контакт доколку Ви се потребни информации и поддршка за правата на интелектуална сопственост:

- **Друштво за интелектуална сопственост БЕРИН.** Меѓународно активна компанија основана во 1992 г. која на почетокот пружаше услуги претежно на домашни фирми, а со текот на времето се разви во водечка компанија во областа на заштитата на интелектуалната сопственост (ИС) во Македонија и регионот на Југоисточна Европа. БЕРИН е специјализирана фирма, којашто застапува или советува поединци и компании во постапките за поднесување на пријави и одржување на патенти за пронајдоци, индустриски дизајн, трговски марки, авторски и сродни права, трансфер на права од интелектуална сопственост, трансфер на технологија, франшизи, know-how или лиценцирање во Македонија, Југоисточна Европа, Европска Унија и во 38-те земји членки на Европската патентна организација (ЕПО). Исто така, таа пружа и услуги за своите деловни партнери при решавање на судски спорови, спогодување, медијација, арбитража и советување во областа на правата на ИС.
    - Веб-страница: https://www.berin.mk/

- **Адвокатско друштво Пепељугоски.** Адвокатското друштво Пепељугоски е лидер во полето на интелектуална сопственост на територијата на Република Северна Македонија. Во оваа област нудат широк спектар на услуги вклучително и правни мислења и совети за прашања од индустриска сопственост и авторски права. Како регистриран застапник, нудат можност за реализација на правата од интелектуална сопственост преку заштита на истите со поднесување на апликација пред Државниот завод за заштита на индустриска сопственост и другите надлежни институции, спроведување на истата, сè до конечна регистрација на правата од индустриска сопственост. Обезбедуваат услуги и во делот на царинската заштита на правата од интелектуална сопственост. Адвокатското друштво Пепељугоски е европски патентен застапник, што говори за успешноста во ова поле на работа. Квалитетот на нивните услуги е добро познат во регионот и пошироко, правејќи го Адвокатското друштво Пепељугоски застапник за интелектуална сопственост и во Република Косово. Како асоцијативен член на ИНТА, имаат можност да се запознаат со светските трендови во оваа област и истите да ги имплементираме на територијата на Република Северна Македонија, создавајќи пракса која ќе остане понатаму да се применува. Едни од ретките во Република Северна Македонија кои имаат поднесено пријави на македонски правни и физички лица преку ДСП (Patent Cooperation Treaty) и Европски патентни пријави.
    - Веб-страница: https://pepeljugoski.com.mk/

- **Гого Рафајловски – ИП.** Флексибилни совети за интелектуалната сопственост наменети токму за фазите во кои твојот бизнис се наоѓа сега. Интелектуалната сопственост може да му помогне на твојот бизнис со тоа што ќе му донесе нови вредности и нови начини на монетизирање на тие вредности.
    - Веб-страница: https://gogo-rafajlovski.start.page/

Покрај наведените, во Македонија постојат и други експерти во областа на заштита на права на интелектуалната сопственост.

# Што ако добиете тужба или закана за тужба за злоупотреба на правата?

Дури и ако сте направиле темелно пребарување за правата на трети лица или пред да продадете производ под одреден бренд/трговска марка, може да добиете барање за овластување или предупредувачко писмо (опомена) од трета страна. Најверојатно, ќе се однесува на одреден производ или услуга што ја продавате.

Во случај на барање за овластување, се започнува дијалог во кој од Вас се бара да одговорите и да аргументирате зошто се чувствувате овластени. Опомената пред тужба вообичаено не е дел од ваквото барање.

Во случај на предупредувачко писмо, вообичаено се бара од Вас да потпишете писмо за прекин и откажување со казнена причина, што во суштина значи дека Вие ветувате дека веднаш ќе ги прекинете Вашите активности и дека ќе платите казна во случај ако го прекршите ова ветување. Многу често, од Вас се бара да составите листа на Вашите претходни активности во насока третата страна да ги процени можните барања за штети.

Во случај да не ги исполните барањата изнесени во предупредувачкото писмо, вообичаено се додава опомена пред тужба.

Иако за повеќето активности поврзани со правата на ИС, како што се регистрирањето трговска марка или дизајн, нема потреба да контактирате со адвокат или правен застапник, ние строго препорачуваме да го направите тоа во случаите наведени погоре. Вообичаено, роковите наведени во овие писма се кратки и важно е да се добие целосен преглед на можните опции за тоа како да се одговори.

Поради овие причини, препорачуваме веднаш да побарате правен совет. Покрај укажувањето за правното застапување и барање за продолжување на рокот, адвокатот може заедно со Вас да разговара за случајот и да Ви ги претстави опциите кои ги имате.

Овие можности може да се менуваат во голем степен во зависност од конкретната правна ситуација. Третата страна може да биде во право со нејзините барања или да бара дејствија без здрава правна основа. Решението може да варира од постигнување спогодба до одење на суд. Затоа е важно да имате правно стручно мислење кое ќе Ви овозможи да го спроведете управувањето со ризикот и да одлучите како сакате да продолжите.

Други случаи во кои се препорачува правен совет се, на пример, противење на трети страни против трговските марки или дизајни кои што сте ги регистрирале.

На пример, во Германија (во други земји може да биде и различно), во зависност од конкретниот случај, варира профилот на адвокат што Ви е потребен. Додека адвокатот за патенти и правните застапници може да Ве застапуваат за прашања пред националната канцеларија за патенти и трговски марки (DPMA), националниот суд за патенти и Канцеларијата за интелектуална сопственост на Европската Унија (EUIPO), за сите останати правни спорови пред граѓанските судови како што се прекршоците, потребно ќе Ви биде застапување од страна на адвокат (застапник).

## Што ако Вие или Вашата институција сакате да ги заштитите правата од трети страни?

Во повеќето случаи, за регистрација на трговска марка или дизајн, или, на пример, за поднесување барање за патент, не Ви е потребна поддршка или правно застапување од адвокат. Меѓутоа, во случај да не сте сигурни како да добиете оптимална заштита, Ви препорачуваме да побарате правен совет.

Меѓутоа, ако откриете дека трета страна ги нарушува или ги прекршува Вашите права на ИС, треба да контактирате со адвокат. Заедно можете да разговарате за случајот и да најдете правни опции погодни за Вас. Правниот спор вклучува ресурси во смисла на посветеност, пари и време. Веројатно, исто така, ќе вклучи деловни ризици, бидејќи во повеќето случаи не може со сигурност да се предвиди како ќе напредува и ќе заврши судскиот спор. Дополнително, бидејќи честопати може да се постигне пријателски договор, адвокатот може да помогне во размислувањата за да се постигне рамнотежа на интереси и правно-обврзувачки договор.

## За LEARN-IP

Оваа брошура со информации за правата на интелектуална сопственост во Република Северна Македонија за институциите од секторот на културно наследство и културен **е дел од поддржаната дигитална програма за обука за валоризација на правата од интелектуална сопственост во секторите за културно наследство и туризам, развиена во рамките на европскиот проект LEARN-IP – Обука за права од интелектуална сопственост и географска ознака за културно наследство и културен туризам финансиран од Еразмус+ програма за финансирање 2020-2022 година.**

Програмата за обука ги вклучува следните седум модули:

**Модул 1. Вовед во изучување на програмата интелектуална сопственост во културното наследство и културниот туризам.** Овој модул дава општ вовед во проектот и релевантноста на правата на интелектуална сопственост за секторот културно наследство и културниот туризам.

**Модул 2. Како да се идентификуваат добрата во секторот културно наследство и културен туризам.** Овој модул е наменет за управителите на организации за културно наследство и професионалци од областа на културниот туризам. Модулот ги воведува термините „културно наследство“ и „културен туризам“ бидејќи тие се користат во контекст на LEARN-IP. Тој ги објаснува интелектуалните добра кои играат важна улога во контекст на правата на интелектуална сопственост. Се опфаќа и темата за потенцијал на културното наследството за културен туризам, а корисниците ќе имаат и увид во тоа како да ги идентификуваат сопствените организациски интелектуални добра и да ги искористат можностите кои ги нудат истите. Со неколку добри практики и бројни вежби, корисниците ќе можат да го продлабочат своето разбирање и знаење.

**Модул 3. Трансформација на добрата од областа на културното наследство и туризам во интелектуална сопственост.** Овој модул претставува водич низ правата на интелектуална сопственост (ПИС) и нивната примена во секторот културно наследство и културен туризам. По општ вовед во својствата на правата на индустриска сопственост и авторски права, се воведуваат и постоечки примери со илустрации. Ова знаење потоа се применува на полето на културното наследство и културниот туризам. Развиени се критериуми и стратегии кои овозможуваат идентификување на најсоодветниот инструмент на ПИС за одредена намена. Прикажани се предусловите, неопходните чекори за да се добие заштита и проценките на настанатите трошоци.

**Модул 4. Како да идентификувате можности за искористување на заштитата на културното наследство и туристичките ресурси.** Овој модул ја прикажува важноста на културното наследство и туристичките добра како можност за развој на економски придобивки. Се фокусира на тоа како да се идентификуваат можностите за заштита и нивно искористување. Тој опфаќа начини на идентификацијата на потенцијалните пречки и важноста за преземање мерките на претпазливост за правата на интелектуална сопственост против нарушување на правата на трети страни. Модулот им овозможува на корисниците да развијат одржлив културен / туристички бизнис во заштитена културна средина.

**Модул 5. Стратегија за користење на права на интелектуална сопственост и развој на бизнисот.** Овој модул го истражува стратешкиот пристап за искористување на ПИС во секторот за културно наследство и културен туризам. Ги опфаќа чекорите што треба да се направат по регистрацијата на ПИС за одредени производи или услуги во секторот културен туризам или наследство. Понатаму, го истражува општото прашање како да

се „искористат“ културното наследство и културните туристички добра и да се донесат економски придобивки за засегнатите страни, вклучително и локалната заедница. Конечно, овој модул ги претставува најновите трендови во дигитализацијата, особено за секторите културен туризам и културно наследство.

**Модул 6. Како да создадете синџири на вредности за валоризирање на интелектуалната сопственост во областа на културното наследство и културниот туризам.** Овој модул објаснува како можат да се развијат синџири на вредност употребувајќи ги добрата од интелектуална сопственост и што треба да се земе предвид. Целните корисници на овој модул се чинители од секторот културното наследство, како и од културниот туризам. Тие прво треба да станат свесни за тоа што се синџири на вредност и сериозната улога што можат да ја одиграат. Компетенциите и вештините што ќе се развијат вклучуваат, во првиот чекор, идентификација и анализа на синџирите на вредност. Следниот чекор е интеграција на правата на интелектуална сопственост во синџирите на вредност и нивна корисна употреба во смисла на економски, социјални, еколошки и одржливи ефекти.

**Модул 7. Како да се финансира создавањето на интелектуални добра во културното наследство и културниот туризам.** Овој модул го опфаќа професионалниот пристап кон финансирањето на заштитата и комерцијализацијата на културното наследство и културните туристички добра. Финансирањето на овие е еден од најважните чекори што треба да се преземат, но не многу европски културни и туристички чинители се обучени како тоа да го направат. Затоа, модулот обезбедува информации за постоечките, различни извори и модели на финансирање за различните чекори во фазите на заштита на интелектуалната сопственост. Конечно, овој модул, достапните можности за финансирање ги илустрира со примери, добри практики и дополнителни извори на информации и литература.

Конзорциумот LEARN-IP процени како може да се користи Европската рамка на квалификации ЕКФ (EQF) за да се направат квалификациите добиени преку учество во програмата LEARN-IP за истите да бидат читливи низ цела Европа. Затоа, во согласност со моделот на ЕКФ (EQF), конзорциумот LEARN-IP одлучи да ги дефинира целите за учење и содржината за обука почнувајќи од ЕКФ (EQF) ниво 4.

Сите модули се создадени од европскиот тим LEARN-IP од правни експерти за интелектуална сопственост, развивачи на бизниси, даватели на стручна обука и актери во секторите на креативните индустрии, културното наследство и културниот туризам со седиште во 5 европски земји: Германија, Шпанија, Романија, Бугарија и Северна Македонија.

Повеќе информации можете да најдете на веб-страницата **LEARN-IP**: https://learn-ip.eu/.

Директен пристап до обуката е достапен овде: https://moodle.learn-ip.eu




Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

The European Commission support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents which reflects the views only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein. Project

All Learn-IP Intellectual Outputs are Open Educational Resources.

Creative Commons Attribution-Non-Commercial-Share-Alike 4.0 International License.

## За авторите на оваа публикација

Доколку Ви се потребни дополнителни информации во врска со LEARN-IP – Обуката за права на интелектуална сопственост и географска ознака во областа на културното наследство и културниот туризам, како и за тоа како да ги користите и да имате придобивки од правата на интелектуална сопственост во културното наследство и културниот туризам во Република Северна Македонија, можете да ги контактирате авторите на оваа публикација – тимот на LEARN-IP во земјава:

**Македонска развојна фондација за претпријатија (МРФП Скопје)**
ул. Никола Парапунов бр. 41а, 1060 Скопје, Република Северна Македонија
веб-страница: www.mrfp.mk
e-mail: mrfp@mrfp.mk, lip@mrfp.mk

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

The European Commission support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents which reflects the views only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

Project number 2020-1-DE02-KA202-007523